РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 07-190/11
19.03.2012 год.
СКОПЈЕ

University American College Skopje

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование (Сл.весник бр.35/2008 на РМ) и член 2 4 о д Статутот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Универзитетскиот Сенат на својата 1-ва седница, одржана на 19.03.2012 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за наградување научно-истражувачки активности

### 1. *Општи одредби*

1.1. Со овој Правилник се пропишуваат начините, критериумите и постапките при наградување на наставниците/соработниците за резултатите од научно-истражувачката работа, публикувани во меѓународно научно списание, уметнички и стручни дела и трудови кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата.

1.2. Основна цел на Правилникот е воспоставување стандардни и прецизно дефинирани постапки при спроведувањето на иницијативите за унапредување и афирмирање на научно-истражувачката дејност, признати уметнички и стручни дела и трудови на меѓународно и домашно ниво, како на наставниот кадар индивидуално, така и на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во целина.

### 2. *Надлежно тело*

2.1. Надлежно тело за псроведување на овој правилник е Комитетот за истражувачка работа (понатаму, КИР).

3.2. КИР има обврска доследно да го применува овој Правилник во процесот на одлучување.

3.3 КИР ќе одлучува според доставени Формулари од апликантите (Л1 во прилог на овој Правилник.

3.4. КИР може да утврди Процедури со кои подетално ќе го прецизира оперативното спроведување на овој Правилник.

### 3. *Општи услови и начин на аплицирање*

*3.1. Начин на аплицирање за наградување меѓународно публикуван труд*

3.1.1. Сите апликанти кои имаат објавено свој научно-истражувачки и стручен труд до КИР, заедно со копија од објавениот труд, доставуваат *Формулар Л1 – Барање за наградување меѓународно публикуван труд* (во прилог на овој Правилник).

3.1.2. Апликантите поднесуваат барање до КИР, само доколку недвосмислено го навеле УАКС или негова единица под своето име во публикуваниот труд.

3.1.3. Апликантите се стекнуваат со право да поднесат барање до КИР само откако трудот е во целост публикуван (односно содржи Volume, Issue и страници).

3.1.4. Ќе бидат разгледувани барања само за трудови публикувани во меѓународно списание. За меѓународно списание се смета секое списание коешто се издава на англиски јазик, има меѓународен истражувачки одбор кој е составен од членови од најмалку 5 земји, притоа учеството на членови од една иста земја не надминува 40%, и коешто излегува најмалку во последните 5 години, во коишто има најмалку 10 броја.

3.1.5. КИР ќе го награди секој меѓународно публикуван труд којшто ги исполнува барањата од претходните точки, според следната шема:

- Секој втор и понатамошен труд во рамки на една календарска година, публикуван во меѓународно списание без импакт фактор – 5.000 денари.
- Секој труд во рамки на една календарска година, публикуван во меѓународно списание со импакт фактор – 30.000 денари.
- Секој труд во рамки на една календарска година, публикуван во меѓународно списание со импакт фактор и листиран во Web of Science – 50.000 денари.

За разграничување на трудовите коишто ќе спаднат во втората категорија, деканот на секој факултет е должен да определи релевантна листа / датабаза и истата на почетокот на секоја година да ја достави до КИР.

***3.2. Учество во меѓународен истражувачки проект***

3.2.1. Носителот на меѓународно истражувачкиот проект – главниот истражувач и помошниците истражувачи се обврзуваат да склучат договор со УАКС или негова единица за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од склучениот договор со давателот на финансиски средства за спроведување на проектот.

**4.** ***Завршни одредби***

4.1. Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка на кои тој е донесен.

4.2. Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Универзитетски Сенат**

**Ректор**

**Проф.д-р Марјан Бојаџиев**

**Формулар Л1**

## Барање за наградување меѓународно публикуван труд

Име на барателот:

______________________________________________

Наслов на трудот:

______________________________________________

______________________________________________

Меѓународно списание

______________________________________________

Година и број ______________________________ Страни ______________

Импакт фактор

______________________________________________

Импакт фактор на Web of science

______________________________________________

Означете дали ги исполнувате следните услови:

| | |
|---|---|
| Трудот е објавен под УАКС и/или негова единица, која е јасно назначена под вашето име | |
| Списанието има карактеристики на меѓународно списание (точка 3.1.4 од овој Правилник) | |

Датум

______________________

Барател,

______________________

**<u>Пополнува Комитетот за истражувачка работа</u>**

Понесениот труд ГИ ЗАДОВОЛУВА / НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА условите за наградување.

Претседател,

______________________